РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3767/1 | | |

0705
Трајно
15.10.2010

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот ***класична гитара*** за III одделение на шестгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# КЛАСИЧНА ГИТАРА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

## 1. ВОВЕД

Во шестгодишното основно музичко училиште на инструментот гитара може да се запишат ученици кои наполниле девет години.

Целта на наставата по гитара е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот гитара. Наставната програма за гитара има цел ученикот да се подготви технички и музички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и за активна професионална дејност.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот од учебната година секој ученик полага годишен испит.

**- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.**

**- Статус на предметот: задолжителен**

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД од II до VI одд.

**Ученикот/ученичката:**

- да објаснува за инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да дискутира за историјатот на гитарата;
- да демонстрира мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да демонстрира скали-дурски и молски во една, две и повеќе октави;
- да користи посложени ритмичко-мелодиски и хармонски елементи;
- да демонстрира правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да дискутира за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да ја развива и негува култивиран пријатен тон;

- да формира личност со позитивни лични одлики;
- да развива музичката меморија;
- да се оспособува за доживување на убавото во музиката;
- да планира посета на семинари, концерти, оперско-балетски претстави и други музички приредби;
- да ја споредува музичката култура со музиката од другите држави;
- да ја развива креативноста;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да демонстрира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да го развива внатрешниот слух;
- да развива самодоверба за индивидуално изведување на музичкиот текст;
- да проценува вредности за сопственото музичко изразување;
- да го разликува сопственото музичко интрепретирање и музичкото интерпретирање на другите;
- да развива способност за тимска работа.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги развива принципите употребувани во II одделение;
- да објаснува за тоналитетот и метарот на почетокот на композицијата;
- да дискутира за стилскиот период во кое делото припаѓа и неговите најзначајни карактеристики;
- да демонстрира правилно држење на телото и правилна поставка на двете раце при свирењето;
- да објаснува за карактерот на композицијата;
- да развива способност за точно совладување на нотниот текст;
- да развива и негува чист и еднаков тон;
- да применува правилен начин на меморирање на делата;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да презентира основни динамички ознаки;
- да објаснува за прсторедот во композицијата при нејзиното изведување;
- да објаснува за темпото на композицијата;
-.да совладува технички проблеми низ вежбање скали,разложени акорди-арпеџа,етиди и технички вежби.

## 4 . КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: **ТЕХНИЧКИ ВЕЖБИ И СКАЛИ ( 22 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива и усовршува правилно поставување на телото и држење на гитарата;<br><br>-да развива правилно држење на десната рака при свирење на гитара;<br><br>-да развива правило држење на левата рака при свирење на гитара;<br><br>- да го користи правилно палецот при свирењето на разложени акорди и скали;<br><br>-да демонстрира правилно поставување на палецот;<br><br>-да развива навика за редовно вежбање;<br><br>- да развива чуство за | -Истакнување на важноста на правилно поставување на телото и гитарата<br><br>-Технички вежби за ослободување на десната и левата рака<br><br>- Истакнување на важноста на правилно држење на десната и левата рака<br><br>- Примена на техниката апојандо тирандо низ скалите и техничките вежби<br><br>-Дводелност (броење еден-два) | -При правилното држење на телото и рацете се постигнува подобра концентрација и активност за време на часот и самосталното вежбање.<br><br>-Координација на лева и десна рака.<br><br>-Палец се означува со п.<br><br>- Такт (2/4 и 3/4 и 4/4). | - Демонстрирање на правилно поставување на телото и гитарата и истакнување на неговата важност.<br><br>-Демонстрирање на правилно поставување на десната рака и левата рака, при што се објаснува функцијата, местото и означувањето на секој прст поединечно.<br><br>- При поставување на прстите од левата рака се користи вежба со спуштање и кревање на прстите со нивната сопствена тежина.<br><br>-Техиката апојандо и тирандо се употребува при свирење со палец.<br><br>-Свирењето со палецот е аналогно како свирењето на останатите прсти од десната рака, само во спротивна насока.<br><br>-Вежбање на техничките вежби во бавно темпо, со метроном, повторувајќи ги повеке пати. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дводелност и троделност;<br><br>-да покажува правилно броење и тактирање;<br><br>- да се приспособува за лесно движење на прстите;<br><br>- да користи вежби за секој прст одделно;<br><br>- да развива способност за свирење на разложени акорди во основните видови на прсторед за десна рака;<br><br>- да демонстрира свирење на дурски и молски скали со употреба на празни жици;<br><br>-да демонстрира свирење на хроматски скали на повеќе жици со употреба на празни жици;<br><br>-да демонстрира свирење на хроматски скали на повеке жици без употреба на празни жици;<br><br>-да демонстрира свирење на хроматски скали на една | и триделност (броење еден-два-три)<br><br>-Постигнување подвижност и спремност на прстите за лесно совладување на технички проблеми<br><br>- Употреба на различни прсти од десна рака во различно ритмизирани, разложени акорди<br><br>-Свирење разложени акорди исклучиво тирандо(без наслон)<br><br>-Активност на десната и левата рака<br><br>-Развива стабилна промена на позицијата при свирење гитара | -Вежби со основни видови на прсторед:<br><br>п, и, м,а<br><br>п,и,а,м<br><br>п,а,м,и,<br><br>п,а,и,м,<br><br>п,м,и,а,<br><br>п,м,а,и.<br><br>-тирандо, | - Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал за 2-делност и 3-делност;<br><br>- Свирење кратки вежби.<br><br>- Свирење на дурски и молски и хроматски скали со потполно внимание на активноста на двете раце.<br><br>-Разложените акорди, пред с ,ја подобруваат техниката на десната рака,развивајќи го линеарниот и акордскиот распоред на прстите од десната рака.<br><br>-Разложените акорди ја развиваат независноста и флексибилноста на прстите на десната рака.<br><br>- Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| жица;<br><br>-да развива прецизност на ритамот при изведувањето на скалите и техничките вежби;<br><br>-да се приспособува за свирење на прецизен ритам во техничките вежби и скалите;<br><br>- да препознава нотни вредности на нотите и вредности на паузите. | -Свирењето на скалите може да биде свирено на два начина апојандо (со наслон) и тирандо(без наслон)<br><br>- Примена на техниката апојандо тирандо низ скалите и техничките вежби<br><br>-Ритмичка точност<br><br>-вежбање со метроном<br><br>-Траење на тоновите и паузите. | -Хроматската скала на една жица вклучува промена на положбата на левата рака;<br><br>-апојандо<br><br>-тирандо<br><br>-Пулсација | -Употреба на техниките за десна рака-тирандо и апојандо и владеење со истите.<br><br>- Свирење на елементарни ритмички модели (запишани на една линија) на инструментот – ритмички. Пред да се отсвири, моделот може да се изговори парлато на неутрален слог ,,та" со тактирање.<br><br>- Солфежирање на елементарни мелодиски модели (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање; со акцент на правилно тактирање). |

| Тема: **ЕТИДИ И КОМПОЗИЦИИ (40 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да инсистира на вежбање по делови, особено во етидите;<br><br>-да ги издвојува техничките проблеми и да ги разработува;<br><br>- да ги разликува тоналитетите при интерпретирање на композициите;<br><br>-да ги разликува темпата при интерпретирање и слушање на композициите;<br><br>- да развива способност за меморирање на нотниот текст од зададена мелодија;<br><br>- да развива внатрешен музички слух; | -Техничките содржини на етидите може да бидат:разложени акорди,скалично движење<br><br>-Тоналитетот да биде во Ц-дур,а-мол,Г-дур,е-мол,Д-дур,х-мол,Ф-дур,д-мол<br><br>-Свирење и слушање на композиции во различни темпа<br><br>-Повторување на делото повеќе пати | -Разложени акорди – арпеџа<br><br>-Ц-дур,а-мол<br><br>-Г-дур,е-мол<br><br>-Д-дур,х-мол<br><br>-Ф-дур,д-мол<br><br>-Основни темпа:<br><br>Адагио-бавно<br><br>Ленто-бавно<br><br>Анданте-умерено<br><br>Модерато-умерено | - Посетување на јавни часови и концерти на ученици, како и други манифестации и дискусија за стекнатите впечатоци од виденото.<br><br>-Разработубање на техничките проблеми, со цел да се постигне континуирана изведба на етидата или композицијата во целина.<br><br>-Објаснување и демонстрирање на тоналитетите (познати од солфеж).<br><br>-Објаснување на основните темпа.<br><br>-Демонстрирање на композиции во различни темпа.<br><br>-Инструментална презентација од аудио-видео- записи со дела во различни темпа;<br><br>- Пеење на зададениот материјал со цел |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја разбира содржината и карактерот на композицијата;<br><br>- да ги разликува динамичките нијансирања при слушањето и интерпретирањето на копозициите во динамика: тивко-пијано(п)<br><br>силно – форте (ф). | - Свирење и слушање композиции со примена на динамичко нијансирање:<br><br>-тивко-пијано(п)<br><br>-силно-форте (ф) | Аллегро-брзо<br><br>-Вежбање без ноти откако композицијата се совладала со ноти.<br><br>-п-пиано-тивко<br><br>-мп-меззо-пиано-средно тивко<br><br>-мф-меззо форте--средно гласно<br><br>-ф-форте-гласно<br><br>-цресц.-цресцендо-постапно појачување<br><br>-децресц.-децресцендо-постапно стишување<br><br>-ралл.-раллентандо-успорувајки<br><br>-рит.-ритардандо-закаснувајки. | побрзо да се меморира композицијата.<br><br>- Доживување и воочување на јачината и брзината во музиката преку слушање музика, пеење и свирење.<br><br>Методи:<br><br>-разговор;<br><br>-демонстрирање (наставник);<br><br>-инструментална презентација од аудио-видео-записи и др. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Часот по гитара треба да вклучува различни видови на музички активности.

Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот и снимена, за полесно воочување на нејзиниот карактер, изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини.

Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (прсторед, темпо, динамика), со израз и правилно фразирање и со прецизен ритам.

Се препорачува посетување на концерти во текот на  целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на оние композиции кои ќе се изведуваат.

**Наставни средства:**

- музички инструмент-гитара;
- мало столче за нога и пулт;
- аудио-визуелни средства (ТВ, видеоплеер, ДВД плеер, компјутер);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се собираат показатели за нивните активности, се следи ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, мотивираноста за музичкото изразување и сл. Индивидуалниот пристап на наставникот кон постигањата на секој поединечен ученик игра голема улога во наставата по инструментот гитара.На крајот на првото и второто полугодие се организира јавен час кој е отворен за наставници, родители и ученици. На јавниот час секој ученик може да ги покаже своите постигања од текот на целата учебна година. Оценувањето е со оценките од 1 до 5 .

На крајот на учебната година ученикот полага завршен испит.

Испитната програма содржи:

-Три композиции или етиди по избор на наставникот.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и наставни средства за основно музичко училиште донесен од страна на министерот за образование и наука

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа по гитара во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

-факултет за музичка уметност, студиска програма гитара и стручен назив дипломиран гитарист.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1221/1 од 09.04.2010 година,

координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6471/0
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот класична гитара за III одделение на шестгодишното основното музичко образование на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15. 10. 2010
Скопје

**Министер,**

**Никола Тодоров**